# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2021

*Сабота, 1 октомври 2021.*

## Тројната ангелска вест

**„И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6)**

Тројната ангелска вест од Откровение 14,6-12 е темел на адвентистичкиот идентитет. Овој исечок ја опишува посебната вест на тројцата ангели која треба да ги подготви луѓето за Христовото доаѓање. Тој станал срце на адвентизмот до таа мера што сликата на овие тројца ангели ја земаме како знак препознатлив за нашата Црква. Адвентистичкото сфаќање на задачата не може да се одвои од веста на тројцате ангели. Додека во Матеј 24, 14 наоѓаме на налог, Откровение 14,6-12 ни ја дава веста со која го остваруваме налогот:

„И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ,

И друг, втор, ангел дојде по него, велејќи: ’Падна, падна големиот Вавилон, кој ги напои сите народи со страсното вино на своето блудство.’

И друг, трет, ангел дојде по него, велејќи со силен глас: ’Ако некој му се поклони на Ѕверот, и на неговиот лик, и прими ознака на своето чело или на својата рака, и самиот ќе пие од виното на Божјиот гнев, што е налеано чисто во чашата на Неговиот гнев, и ќе биде мачен со оган и сулфур, пред светите ангели и пред Јагнето. И димот од нивното измачување ќе се издига во вечни векови, и не ќе имаат починка, ни дење ни ноќе, оние кои му се поклонуваат на Ѕверот и на неговиот лик, и кој ја прима ознаката на неговото име.’ Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса.“

Ако сме насочени исклучиво на Матеј 24,14 нашето сфаќање на задачата првенствено ќе биде проповедање. Според тоа сфаќање, сè додека се проповеда Евангелието, дали е прифатено или не, задачата се остварува. Но, Матеј 24,14 не може да се одвои од целта во Големиот налог од Матеј 28, 9 - создавање ученици. Убавината на текстот со веста на тројцата ангели е во тоа што ги собира сите елементи од двата текста во Матеј. Овде наоѓаме проповедање на вечното евангелие по целиот свет. Оваа објава ни носи резултат - постојаноста на светите кои ги држат Божјите заповеди и верата во Исуса. Како цел од Исусовиот Голем налог во Матеј, и целта на веста на тројцата ангели е создавање на народ кој ќе ги извршува Божјите заповести. Овој текст јасно зборува за создавањето на ученици.

Освен целта за создавање ученици, овој текст содржи и итност изразена во Матеј 24,14. Оваа посебна вест за вечното Евангелие мора да се објавува, со оглед на непосредната близина на Христовото доаѓање. Нејзините апокалиптични предупредувања треба да укажат на итната подготовка на народот кој ги извршува Божјите заповеди и останува верен на Христа.

Бидејќи адвентистичката мисионска задача е насочена кон остварување на веста на тројцата ангели, сметаме дека овој текст првенствено е наменет за објавување. Поради тоа, се сосредоточивме на тоа дека на светот треба да му ја објавиме веста која тој или ќе ја прифати или ќе ја отфрли. Но, овој текст и неговата голема вест, треба да се види како средство за подготовка на луѓето за Христовото доаѓање. Целта на нашата евангелска задача не е објавување на оваа вест - целта на нашата задача е да создаде ученици кои подготвено ќе го дочекаат Исуса кога ќе дојде. Само ако се насочиме на развивањето на луѓето, ќе ја видиме важноста на веста која според Божјиот налог треба да му ја објавиме на светот.

Овие елементи секогаш биле присутни во адвентистичката евангелска работа. Но, ние постапувавме како нашата задача да е само објавувањето на библиската вистина. Пропуштивме да ги примениме овие вистини за да им помогнеме на луѓето во

развивањето на духовноста која ќе им овозможи да созреат како христијани. Мојa желба е да го преместиме тежиштето на нашите вистини на тој начин што ќе развијат ученици, а не само луѓе кои веруваат во низа доктрини.

Затоа адвентизмот, како основа на својата задача мора да го има текстот Откровение 14,6-12. А веста на тројцата ангели можеме правилно да ја разбереме само ако го имаме на ум Големиот налог. Откровение 14 можеме да го сметаме за продолжение на Јовановиот коментар на Големиот налог, кој треба да се исполни во овие последни денови од историјата на човештвото. Целта на веста на тројцата ангели е сосема иста како и целта на Големиот налог - создавање ученици кои ги извршуваат Божјите заповеди и остануваат верни на Исуса. Таквите луѓе се духовно развиени, зрели ученици христијани кои се, во потполна смисла на зборот, подготвени да го сретнат Исуса кога ќе се врати.

*Сабота, 08. октомври 2021*

## Сто четириесет и четири илјади

„Потоа видов: ете, Јагнето стои на гората Сион, и со Него сто четириесет и четири илјади, што го имаа на челата свои напишано името на Неговиот Отец. И чув глас од небото како шум од многу води и како звук од силен гром; чув глас на харфисти што свират на харфите свои и како да пеат нова песна пред престолот и пред четирите животни и старешините; и никој не можеше да ја научи таа песна, освен оние сто четириесет и четири илјади, кои беа откупени од земјата. Тие се оние што не се осквернија со жена, бидејќи се девствени; тие се оние што го следеа Јагнето каде и да оди, Тие се откупени меѓу луѓето, првенци на Бога и на Јагнето, и во устата нивна измама не се најде; тие се непорочни пред престолот Божји“ (Откровение 14,1-5).

Црквата мора не само да разбере што ќе го придвижи нејзиното доживување на задачата, туку треба да знае и што сака да постигне со проповодењето на веста на тројцата ангели. Во претходната глава утврдивме дека целта на нашата евангелска задача мора да биде подготовката на учениците кое се подготвени да го сретнат Исус кога ќе дојде. Крајниот производ го наоѓаме во самата вест на тројцата ангели. Откровение 14,12. вели оваа вест ќе создадат народ кој ги извршува Божјите заповеди и ја чува верата во Исуса. Во оваа глава сакаме да покажеме дека тоа е целта на адвентистичката евангелска задача и дека тоа го наоѓаме во Откровение 14. Адвентистите, исто така, ја гледаат врската меѓу проповедањето на оваа вест  и сто четириесет и четири илјади споменати во прочитаните стихови.

Според верувањата на Адвентистичката црква, сто четириесет и четири илјади претставуваат народ подготвен да го сретне Исуса за време на Неговото второ доаѓање. Оваа група не е затворена; таа опфаќа луѓе кои потекнуваат од сите народи на Земјата, а се подготвени да го сретнат својот Цар кој се враќа. Адвентистите сметаат дека проповедањето на веста на тројцата ангели треба да создаде нарот кој е опишан во овие стихови. Поради тоа во веста на тројцата ангели мора да биде вклучено и средството со кое другите можеме да ги  направиме ученици. Ако веста дава такви луѓе, тогаш веста создава ученици. Затоа, целта на адвентистичката евангелската задача е создавање луѓе кои сто четириесет и четири илјади ги симболизира како цело мноштво откупени за време на второто Христово доаѓање. Да забележиме кои карактеристики на овој народ, кој е подготвен за Христовото доаѓање, ги нагласува Јован во овој текст::

1. На своите чела го имаат напишано името на Отецот (стих 1). Овие луѓе се целосно посветени на Бога; затоа Отецот може да ги обележи со своето име, покажувајќи дека тие целосно му припаѓаат Нему. Само оној кој припаѓа некому во целост, може да го напише неговото име. Бидејќи тие се така прикажани, ние мора да претпоставиме дека овие луѓе целосно го признаваат Христа како Господар.

2. Тие се откупени (стих 2). Тие му припаѓаат на Бога затоа што Тој ги откупил со крвта на Голгота. Само со крв откупените грешници можат да бидат подготвени да се сретнат со Исуса. Учителот не ги повикува да бидат само ученици, туку ученици кои целосно го прифатиле Исуса Христа како Спасител. Тоа е темелот на нашето учење.

3. Тие имаат чиста вера. Наспроти оние што го пијат вавилонското вино и се препуштаат на нејзиниот блуд, овој народ не се осквернавил од големиот Вавилон. Тој не пиел од неговото вино ниту блудствувал со него. И покрај општиот отпад во последните денови - отпад кој би можел, според Светото Писмо, да ги заведе избраните (Матеј 24,24) - овие луѓе ја сочувале чистата Исусова вера. Оваа преданост на Исуовата наука е последица на нивната целосна посветеност кон Него.

4. Тие постојано го следат Исуса. За разлика од оние што го следат ѕверот и неговата икона, Откровението прикажува народ што го следи Исуса. Тој го следи во сѐ. Не само што се поучени, туку прават сѐ што заповедал Исус. Послушноста има важно место во животот на овие ученици, бидејќи тие се целосно посветени на Исуса како нивен господар. Послушноста за нив не се „дала“. Тие се послушни затоа што станале изворни Исусови ученици.

5. Тие стојат без мана пред Божјиот престол, неизвалкани. Тие не стојат пред Него во својата праведност, но се свети затоа што се откупени, како што е наведено погоре. Облечени се во Христовата праведност; затоа тие се оправдани на судот и се прогласени подготвени да го сретнат Исуса и да дојдат на Небото. Тие не „глумат“ ученици, туку се вистински Исусови ученици, поединци кои на Исуса Христа му дале првото место во својот живот.

Овие пет карактеристики на вистинските светци, подготвени да го сретнат Исус за време на Неговото доаѓање, потсетуваат на карактеристиките на вистинските ученици како што Исус ги опишал во Евангелието. Тоа се тие, кои потполно го прифатиле Христа за господар, кои Го следат во совршена по-

слушност. Сè што содржи Големиот налог, овде е наведено во подробности. Откровение 14,1-12. не ги опишува само оние кои се цел на евангелската задача на Црквата на последното време, туку ја изнесува и веста која треба да се објави за да се родат луѓе кои ќе живеат како вистински ученици на Исуса Христа.

*Сабота, 15. октомври 2021*

**Автентични ученици во последното време**

**„И ќе се рече во оној ден: ’Ете, Овој е нашиот Бог, во Него се надеваме, Тој нè спаси; Тој е Господ во Кого се надевавме! Да Му воскликнуваме и да се веселиме на Неговото спасение’.“ (Исаија 25,9)**

Адвентистичката вест, собрана и сосредоточена на Откровение 14, потекнала од самиот Бог за да ја предупреди оваа Црква на сериозноста на Големиот налог. Откровение 14. ни помага да ги разбереме подробностите врзани за време на учењето. Тоа повеќе не е неодреден израз, туку многу реален. Во овие последни денови нема оправдување и изговор дека нашата задача е нејасна. Откровение 14. потполно ни го објаснува поимот ученик во овие последни денови.

Цената на учеништвото во последно време не се разликува од цената во кој било друг период од човечката историја. Бог од своите ученици очекува да произведат искрени и потполно посветени ученици во секој период на Црквата. Ова е посебно важно за последното време, кога Бог со своето Второ доаѓање ќе ја заврши Христовата евангелска задача. Христијаните адвентисти треба да бидат многу понапред од сите христијански групи кои се трудат другите да ги направат ученици, бидејќи имаат подлабоко разбирање на Големиот налог разработен во веста на тројцата ангели.

Ако целта на адвентистичката евангелска задача е да созда-

де нарот опишан во Откровение 14,1-5, нашиот план на евангелизација мора да го следи Откровение 14, 6-12. оваа единствена вест мораме да ја објавиме имајќи го на ум блиското Христово доаѓање. Нашиот евангелски налог, кој потекнува од Големиот налог кој е обработен во веста од Откровение 14, мора да биде насока која ќе не води за остварување на нашата задача. Поради тоа, адвентистите не можат да се задоволат само со доведување луѓе кон Христа, туку се трудат и од нив да создадат ученици. Адвентистичката задача може да се разбере само ако го имаме на ум Откровение 14. и создавање ученици во согласност со Големиот налог.

Во таа смисла адвентистичката евангелска методологија мора да биде насочена кон создавање ученици. Бидејќи многу денешни се насочени кон стекнување на членови и во својата заедница примаат луѓе кои само го прифатиле Исус за спасител, но тие не создаваат ученици. Затоа адвентистите не смеат да ги следат популарните евангелски програми кои се насочени само на тоа луѓето да ги доведат пред Христа. Бог не го упатил повикот до својата Црква само за да ги доведува луѓето кон Исус, туку и ги повикува да станат оригинални ученици. Ако тоа, во нашата евангелска работа недостасува, тоа значи дека сме го изневериле налогот и не се разликуваме многу од другите Цркви. Она што адвентизмот го прави единствен е нашето разбирање за ученииштвото.

*Сабота, 22 октомври 2021*

**Веслиевските корени на адвентизмот**

„Зашто Божјото Царство не е во зборови, туку во сила.“ (1. Коринќаните 4,20)

Денес, адвентизмот мора да се врати на своите веслиевски

кореѓа. Весли и Витфилд го проповедале речиси во исто време. И двајцата биле успешни евангелисти, но додека многу Витфилдови преобратеници се враќале во светот, Веслиевите се множеле. Разликата била во нивната евангелска метода. Витфилд своите слушатели ги водел само да го прифатат Христа, додека Џон Весли ги вклучувал преобратениците во групи за проучување, каде можеле да станат ученици.

„Ретко кога (ако воопшто и) ги повикувал луѓето да го прифатат Христа и да станат ученици на лице место... Најчесто ги повикувал да се придружат кон некоја група - понекогаш и новоснована, која се состанувала првпат таа вечер.“

Бидејќи Весли се насочил кон создавање ученици, неговиот метод бил повеќе во согласност со Големиот налог, отколку методот на Витфилд. Адвентистичкото сфаќање на евангелската задача била повеќе во согласност со Весли, отколку со Витфилд. Тоа е една од причините за значајниот напредок на адвентизмот. Во текот на низа години го истакнувавме учењето како основа за членство, наместо само да се прифати Христос. Затоа бевме во можност подобро да ја сочуваме жетвата што Бог ни дал од Црквите кои не го нагласувале времето на учење. Меѓутоа, сега сè повеќе ни се заканува загуба на нови верници. Колку повеќе го ставаме тежиштето на прифаќање на Христа како основа за членство, а помалку го истакнуваме изворното учење, толку поголем ќе биде бројот на оние кои нема да останат во Црквата. Тоа е директна последица на сегашната адвентистичка методологија, која многу помалку го нагласува создавањето на ученици. Почнавме да се движиме по Витфилдовиот, наместо по Веслиевиот пат.

„Мојот брат Весли постапуваше многу мудро. Душите кои се разбудија, благодарение на неговата служба, ги придружија кон група и така ги сочува плодовите на својата работа. Јас ова го пропуштив и моите луѓе се како јажиња од песок“(Цитирано во Аулинг, 1979, стр. 201).

Адвентизмот го негува веслиевото сфаќање на евангелската работа. Сегашната тенденција е да се напуштат веслиевските

корени и да помине на калвинистичкото Витфилдово сфаќање на евангелската работа. Поради својата калвинистичка теорија, сметал дека луѓето што го прифатиле Христа се предодредени да бидат спасени. Затоа не постоело ништо што би требало да се поправи за време на учењето, бидејќи тие веќе биле спасени. Ние не смееме да ја следиме оваа теологија. Само ако бидеме насочени на создавање вистински ученици, ќе можеме да ја исполниме задачата што Христос им ја дал на своите први ученици, ќе можеме навистина да ја исполниме задачата која Христос им ја дал на своите први ученици и потоа пошироко ја објаснил во посебната вест во Откровение 14 - веста на тројцата ангели - таа посебна вест на Христијанската адвентистичка црква.

Од најголема важност е Адвентистичката црква да се врати на моделот на црковниот раст според кој треба да се создаваат ученици, ако навистина мислиме да ја оствариме задачата прикажана во Откровение 14,1-12 и во Матеј 28,16-20. Следната сабота ќе ги испитаме начините на кои излагањето на адвентистичката доктрина, како што е покажано во веста на тројцата ангели во Откровение 14, ги подготвува луѓето да станат ученици.

*Сабота, 29 октомври 2021*

## Библиската наука и учеништвото

**„Зашто решив да не знам меѓу вас ништо друго, освен Исуса Христа, и тоа Распнатиот.“ (1 Коринќаните 2,2)**

Адвентизмот, пред сѐ, има евангелска вест која треба да му се објави на светот. Темелот на нашето спасение е Христос, нашиот Спасител. Потребни се промени, но не во темелот на спасението, туку во методологијата на евангелската работа за да биде повеќе насочен на создавањето ученици, отколку на

повикување луѓе за да го направат првиот чекор во прифаќањето на Христа. Евангелието што го проповедаме мора да опфати определување за Христа како Спасител и Господ. Од новите обратеници мораме да бараме да станат вистински ученици на Оној што го прифатиле како Спасител.

Евангелието е „Радосна вест" дека Исус Христос на луѓето им ги простува гревовите благодарение на својата смрт на Голгота. Тоа е многу радосна вест. Луѓето не можат да направат ништо за простување на нините гревови - тоа го може само Христовата жртва. Грешниците стануваат праведни не поради делата што ги прават, туку исклучиво поради пролиената Христова крв.

Како адвентисти, не мораме да проповедаме некое ново Евангелие. Ако сакаме да го исполниме Откровение 14,6-12, мораме да го проповедаме вечното Евангелие за спасение исклучиво со благодат. Ние можеме да го ставиме во рамка скорото Христово доаѓање, но не смееме и не се осмелуваме да додадеме нешто на темелот на спасението, бидејќи него го постигнуваме само со вера во Христа. Учењето не смее  да се смета за темел на спасението, туку како негов плод.

Првиот чекор во подготовката на луѓето да бидат подготвени за Христовото доаѓање е да ги доведеме во подножјето на крстот и до потполно прифаќање на Исус, Оној, кој ги наметнува со прекрасната облека на својата чиста праведност и кој спасува од гревот. Оваа праведност не се постигнува со човечки заслуги, туку исклучиво со Божјата милост.

Кога луѓето еднаш ќе го воспостават спасоносниот однос со Исуса, ние мораме од нив да создадеме ученици. Во првата фаза на создавање ученици, од новиот христијанин се очекува одлука во животот да стане ученик,  а тоа го вклучува обновувањето според Божјата слика. Човечкиот род е физички, умствено и духовно создаден според Божјата слика. Но, оваа слика е оштетена од гревот.

1. Мојсеева 3,6 покажува дека луѓето згрешиле и пред да го

земат забранетиот плод: „Кога жената, виде дека родот на дрвото е добар за јадење, и убав на изглед, и дека дрвото е пожелно поради тоа што дава знаење, набра род од него и го изеде, па му даде и на мажот свој, та и тој јадеше.“

Гревот настанал во умот на Ева, уште пред таа да го направи видливото дело. Јадењето на плодот било природна последица на најзината падната човечка природа. Така, човечкиот род, создаден според Божјата слика, физички, умствено и духовно, отстапил од таа слика. Ева физички видела дека дрвото е добро за јадење; духовно видела дека е примамливо за очи (очите се симбол на духовната природа), а со умот видела дека дрвото е многу пожелно поради стекнувањето мудрост. Падот на нашите прародители бил потполн - тие физички, умствено и духовно отстапиле од божествената слика. Надворешните искушенија сега нашле одек во човечкото срце и нивните нозе незабележително се свртеле кон злото. Последицата од падот на човечката природа бил гревот.

Исусовата намера да создаде ученици вклучува потполна обнова на Божјата слика во човечките суштества благодарение на Христовото откупително дело на Голгота. Исус во човечката историја влегол како совршен пример. Неговата намера за човечкиот род е потполна обнова на Божјата слика. Меѓутоа, тоа не е обнова која се темели на „дела“, туку обнова која ја овозможува исклучиво победата над самиот Исус.

*Сабота, 5 ноември 2021*

## Христовата победа како наша победа

**„Тогаш Исус му рече: ’Оди си, сатано, зашто е напишано: ‘На Господа, твојот Бог, ќе Му се поклонуваш и ќе Му служиш само Нему!“ (Матеј 4,10)**

Во пустината каде што бил искушуван, Исус поминал низ сè што поминале и нашите прародители, но таму каде што тие паднале, Тој извојувал целосна победа над непријателот. Со тоа што го надвладеал првото искушение - претворањето на каменот во леб - извојувал физичка победа. Додека човечкиот род паднал поради расипаниот апетит, Исус извојувал победа над расипаниот апетит во полза на човечкиот род. Со прифаќањето на Неговата победа, во нас физички може да се обнови Божјата слика.

Во второто искушение, во кое одбил да скокне од врвот на Храмот, Исус извојувал победа за човечкиот род во умот. Тој се спротивставил на искушението на горде元ивоста, бидејќи тоа во суштина е сржта на ова искушение. Да направи чудо за народот да Го прифати како Месија, само за да ја задоволи личната гордост, би било спротивно на она што би го направил умот во кој потполно е обновена Божјата слика. Со учеството во Неговата победа, во нашиот ум може да се обнови Божјата слика.

Во третото искуство, Исус извојувал духовна победа со тоа што ја одбил лажната почит. Сржта на лажното почитување е да се слави самиот себе. Суштината на гревот е да се возвишиш самиот себе, а тоа била сржта на Луциферовата побуна. Тој постојано се обидувал да се издигне самиот себе. Со прифаќањето на Исусовата победа над духовното зло, ние можеме да се ослободиме од славењето на созданијата и да доживееме вистинско славење на Создателот.

Исусовата победа во сè била потполна - во физички, умствен и духовен поглед. Сè што Адам изгубил со гревот, во Христос е повторно вратено. Тој им ја нуди својата победа на оние кои ќе го прифатат вечното Евангелие. Тој има право да ја понуди поради она што се случило на Голгота. На овој начин Христовата победа престанува да биде борба на една личност со гревот од пред две илјади години. Секој поединец, кој ќе го прифати Исуса, има возвишена предност да стане Негов ученик и да биде победник.

Целта на вечното Евангелие е Христовата победа да ја всади

во животот на оние кои Го прифатиле за свој Спасител. Тоа е првиот чекор во процесот на создавање ученици за оние кои го обновиле сојузот со Бога. Кога ќе го прифатат Исуса, новите верници треба да укажат на победата со која Христос е во нив и сака да ја обнови божествената слика. Исус не сака само да нè избави од гревот; Тој очекува Неговиот народ да постигне потполна победа над гревот, благодарение на Неговата победничка сила.

*Сабота, 12 ноември 2021*

## Првата ангелска вест

**„И зборуваше со силен глас: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори.“ (Откровение 14,7)**

Откровение 14,7 ни ја навестува обновата на божествената сила како последица на проповедањето на вечното Евангелие. Трите барања во овој „бојте се од Бога“, „заблагодарувајте му се“ („подајте му слава“) и „поклонете Му се“ - содржат вест за обновата проповедана во рамките на вечното Евангелие во подготовката за Христовото доаѓање. Повикот да се боиме од Бога во овој текст потсетува на дефиницијата на мудриот Соломон: „Стравот Господов е почеток на мудроста.“ Повикот да се боиме од Бога предвидува обнова на умот на откупениот народ според Божјата слика. Со него откупениците се повикани да станат ученици така што ќе го исчистат својот ум - размислувајќи за она што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е вредно за пофалба. Во ова последно време на загадување на умот, повикот за учење бара од оние кои одговориле на Евангелието да го исчистат својот ум, размислувајќи за возвишените особени на својот Господ. Во под-

готовката на луѓето за Господовото доаѓање не можеме да го занемариме христијанското начело на светоста на умот.

Адвентизмот во ова секогаш застапувал високи начела, но важно е да ги прикажеме како животно важен дел на делото кое треба да се изврши за луѓето да се подготват за Христовото доаѓање. Во ова време, кога Холивуд се обидува да го привлече нашето внимание со секакви пороци и нечисти мисли, ние треба да ја нагласуваме потребата својот ум да го одржиме чист, а не само да тврдиме како не треба да одиме во кино. Чистењето на умот бара отстранување  на сè она што на овој свет ни го привлекува вниманието. Треба да го отфрлиме сè она што го одвлекува нашиот ум од Христа. Така, начелото да се промениме обновувајќи го нашиот умот, станува многу поважно од сè останато. Наместо доктрините едноставно да ги изнесуваме како ладен опис на она што треба а што не треба да се прави, ние ги изложуваме големите начела на Божјата реч и им препуштаме на луѓето да го користат својот од Бога даден ум за да донесуваат вистински одлуки. Таквите одлуки луѓето ги донесуваат во моментот кога со обновен умот според Божјата слика, ќе станат вистински Исусови ученици.

*Сабота, 19 ноември 2021*

## Дајте му слава на Бога

**„И зборуваше со силен глас: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори.“ (Откровение14,7)**

Другото барање од Откривениeто 14,7 ги повикува луѓето да дадат слава на Бога. Иако постојат многу начини христијаните да го слават Бога, апостолот Павле спомнува еден кој не би

смееле да го занемариме:

„Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој живее во вас и ни е даден од Бога и дека не припаѓате само на себе? Зашто скапо сте платени. Затоа прославете Го Бога во своите тела и во своите души, кои се Божји.“

Повикот да го прославиме Бога е јасно поврзан со физичката обнова на човечкиот род, бидејќи телото е Божји храм. Можеме да забележиме оти мислата: телото е Божји храм, е поврзана со откупениот народ, купено по цена платена на Голгота. Христос трајно се населува во телото на Господовите откупеници. Тие го почитуваат своето тело како Божји стан. Тоа почитување на телото-храм го покажуваат со воздржување од неморал.

Токму во ова, адвентистите мораат да ги застапуваат своите сфаќања за здравјето, водејќи грижа за своето тело-храм, на тој начин што ќе се воздржуваат од сè што е штетно, а умерено ќе го користат тоа што е добро. И ова е дел од физичката обнова на Божјата слика. Но сето тоа никогаш не смееме да го прикажеме како средство за спасение, бидејќи Светото писмо јасно кажува дека грижата околу телото-храм му е доверена само на спасениот народ.

Кога луѓето ќе одлучат да станат Исусови ученици и кога ќе го прифатат за свој личен Спасител, првиот чекор кон создавање ученици е започнување на процес на обнова според Божјиот лик. Еден дел од тој процес е физичката обнова. Така треба да ја прикажеме нашата вест за здравјето. Тоа е причината поради која бараме од лицето, пред да се крсти, да се откаже од цигарите. Откупениот човек, чие тело му припаѓа на Бога, мора да покаже дека Христос во потполност управува со нивното тело. Сето ова се случува на почетокот на учењето. Ако личноста и по прифаќањето продолжи да пуши, таа покажува дека не му дозволува на Христа да управува со нејзиниот живот.

Ако му препуштиме на Исуса да има потполна контрола над нашиот живот, ние го сфаќаме Исусовото учење. Кога богатиот

младич дошол кај Исуса, Тој од него побарал да се откаже од она што управува со неговиот живот - богатството. Кога младичот одбил, не можел да стане негов ученик. Тоа не значи дека секој кој е богат мора да се откаже од своето богатство, но ако сакаме да станеме Христови ученици, мораме да бидеме подготвени на Бога да му предадеме сè. Многу луѓе треба да го положат тој испит во врска со прашањето околу пушењето. Подготвеноста да се откажете од цигарите и да дозволите Исус да ви подари победа над нив, е сличен на испитот пред кој се нашол богатиот младич. Подготвеноста да се откажеме од она што му штети на нашето здравје, значи дека се одлучуваме да застанеме на Божјиот пат. Исус очекува потполно да владее со вашиот живот, ако сакате да станете негови ученици. Веста за здравјето е дадена во овие последни денови како испит за нашата спремност да му дозволиме на Исуса во потполност да управува со нашето тело.

*Сабота, 26 ноември 2021*

## Поклонувајте му се на Бога

**„И зборуваше со силен глас: ’Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори’.“ (Откровение14,7)**

Третиот повик во Откривение 14,7 е „поклонете се“. Овој повик е врзан со духовната обнова на Божјиот лик. Оние кои се откупени со вечното Евангелие не се само повикани да се поклонат, туку да се поклонат на „Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“. Откупениот народ повторно е повикан да воспостави заедница со својот Створител. Овој дел на Откривението 14,7 директно ја цитира четвртата заповед: „поклонете Му се на Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори!“ „Зашто за шест дена ги создаде Господ

небото и земјата, морето и с  што е во нив; а во седмиот ден си отпочина: заради тоа Господ го благослови седмиот ден и го освети!“

Веста да ја празнуваме саботата е поврзана со тројната ангелска вест. Откупените го обновуваат Божјиот лик во себе, со празнување на Неговиот вистински седми ден на создавањето. Празнувањето на саботата, како и други предмети поврзани со обновата, не смееме да ги сметаме како средство за спасение, туку како активност на откупените, кои во потполност се обидуваат и се трудат да станат Исусови ученици кои ќе ги исполнуваат неговите заповеди.

На паднатиот човечки род саботата не му е дадена како симбол на човечки, туку на Божји одмор. Откупените се повикани да влезат во Божји одмор на тој начин што го празнуваат Божјиот седми ден, саботата. Целта на овој одмор се гледа преку давањето на Саботата на првите луѓе во безгрешниот Едем. Според извештаите за создавањето во 1. Мојсеева, Адам и Ева биле создадени во шестиот дел од седмицата на создавањето. Нивниот прв полн ден на оваа планета била Сабота. На нив не им бил потребен одмор бидејќи ништо не работеле. Наместо тоа, тие биле повикани да го прослават Божјиот одмор - време кое ќе им овозможи подобро да се запознаат со својот Создате;. Светото писмо кажува дека поентата на Саботата е да се осигура време за заедница со Бога.

Христијаните кои се подготвуваат за Божјото доаѓање, сакаат да влезат во Божјиот одмор. Поради тоа, на седмиот ден престануваат со физичка работа, за тоа време да го искористат за развивање на заедништво со Створителот. Сабота е првенствено врзана за заемните односи. Историјата на човештвото е дојдена до точка во која е неопходно секој да одвои време за да развие заедница со Бога, ако сака да стане ученик. Саботата го осигурува овој одмор - дваесет и четири часа секоја седмица, кога поединечно се ослободуваме од сите работи, за ова време да го поминеме во запознавање на Бога.

Така луѓето почнуваат да сфаќаат дека можат да станат Ису-

сови ученици, само ако во нив е обновена Божјиот лик, дека мора да одвојуваат време за дружење со Бога Тоа е смислата на саботниот одмор. Кога вистината за празнувањето на саботата ќе ја поврземе со заедницата со Исус, тоа дава дополнителна сила на објавувањето на Евангелието. Луѓето почнуваат да увидуваат дека празнувањет на саботата е од најголемо значење бидејќи е поврзано со учење, а не како средство за спасение. Во овој случај тие ја празнуваат саботата затоа што сакаат да поминат време со Бога, свесни дека во последните денови на светот најважна е заедницата со Него.

Празнувањето на саботниот ден е услов за крштевање во адвентизмот, и тоа со право, бидејќи со тоа луѓето покажуваат дека му дозволиле на Исуса да управува со нивното време и дека сакаат во нив да се обнови Божјиот лик. Како да ги крстиме оние кои не сакаат да го поминат времето кое Исус го бара од нив? Одбивањето да се празнува саботата, значи одбивање да се стане Исусов ученик. А затоа што саботата не сме ја поврзале со заедништвото со Исуса, луѓето не ја сфатиле нејзината важност. Но, ако ја поврземе со заедницата со Исуса, ќе бидат подготвени да ја празнуваат и тоа станува возбудлива, нова вистина за оние кои само што се приближиле до Христа. Тие во Бога почнуваат да гледаат Битие, кое сака со нив да воспостави блиска врска, така што секоја седмица тие ќе го поминуваат со него својот ден, саботата.

*Сабота, 3 декември 2021*

**Потреба на светот**

**„Тогаш го чув Господовиот глас: 'Кого да испратам? И кој ќе ја однесе нашата порака?' Јас реков: 'Еве ме, испрати ме мене!'" (Исаија 6,8)**

Целта на адвентистичката методологија на евангелската работа мора да биде создавање ученици во согласност со Големиот налог и тројната ангелска вест. Оваа методологија бара повеќе отколку што поголемиот број протестантски Цркви сметаат дека е потребно за евангелизација. Подготовката за крштевање и членство во адвентистичката Црква мора да биде усогласена со Исусовиот повик луѓето најпрво да ги направиме ученици, а потоа да ги крстиме. По крштевањето треба да продолжиме да ги поучуваме, за да бидат самостојни во својот духовен живот и да не зависат од платените пастори за духовна потпора.

Овој повик на учење не е повик за совршенство, туку повик на потполна преданост на Исуса, како Господар. Христос мора потполно да завладее со животот на Неговите ученици. Трагедијата, со која адвентизмот денес се соочува, се состои во тоа што многумина во Црквата не живеат живот кој покажува потполна преданост на Христа. Тешко е да се повикаат да се придружат на ваквиот вид на учење, кога сегашните верници не живеат во согласност со него. Но, од некаде мора да се почне. Ако сакаме револуционерно опфатените цркви да произведуваат ученици а не само верници на црквата, тогаш мора да почнеме со група од која е најлесно да се направат ученици - со новите верници.

Со ваквото сфаќање на учењето, би било чудно некој да излезе пред проповедалницата, да го признае Христа и веднаш истиот ден да биде крстен. Учењето бара време за созревање. Некој може нагло да доживее духовен раст, но учењето бара прифаќање на основите на библиската наука како подготовка за крштевање. Адвентистичката методологија на евангелиската работа мора да им овозможи на луѓето доволно време за развивање на заедништвото кое е потребно за да се стане ученик.

Овде не мислиме на некое одредено време. Некои сметаат дека пријателите треба да чекаат две години за да се крстат Во Светото писмо нема временски ограничувања и ние не смееме

да ги одредуваме. Сите библиски податоци укажуваат на тоа дека времето за одлука за крштевање било релативно кратко. Не се истакнува времето, туку потполното предавање на својот живот на Христа како Господар. Штом луѓето покажат подготвеност Христос да загосподари со нивниот живот, треба да се крстат.

Адвентистичката методологија на евангелката работа, како процес на станување ученик, најдобро ја изложува Елена Вајт во повелбата на адвентистичката методологија на евангелската работа во создавање ученици:

„На светот денес му треба она што му требало и пред деветнаесет векови - Христовата објава. Треба да се извршат голем дел на реформи, а само со Христовата милост може да заврши делото на телесна, умствена и духовна обнова.

Само Христовиот начин на работа ќе овозможи вистински успех во контакт со луѓето. Спасителот стапувал во допир со луѓето како Оној кој им го посакувал најдоброто. Тој им го покажал своето сочувство, им служел во нивните потреби и ја задобил нивната доверба. Потоа ги повикал: Ајде со мене!“

Да им се приближиме на луѓето со лични напори. Кога помалку време ќе се посвети на критикување, а повеќе време на лична служба, би се виделе подобри резултати. На сиромашните треба да им се помогне, треба да се негуваат болните, да се тешат оние кои се оптоварени со грижи или губиток на некој член од своето семејство, да се поучуваат неуките и неискусните. Треба да плачеме со оние кои плачат, да се радуваме со оние кои се радуваат. Следена со силата на уверувањето, со силата на молитвата, со силата на Божјата љубов, оваа работа нема и не може да биде бесплодна.

Елена Вајт овде ја изнесува методологијата која со години била темел на адвентистичката евангелска работа. Додека ја проповеда веста за обнова во последното време, Црквата не смее да го занемари служењето на физичките потреби на луѓето. Ова не е социјално евангелие, туку Евангелие кое доведува

до задоволување на потребите на неверните, за да ја стекнеме нивната доверба и да го заслужиме правото да им го објавиме Евангелието.

*Сабота, 10 декември 2021*

**Важноста да се остварува контактот со луѓето**

**„Но не му одобри, туку му рече: ’Оди дома при своите, и раскажи им што ти направи Господ и како ти се смилува!’“ (Марко 5,19)**

За да можеме да ја оствариме задачата на Божјата Црква, во службата мора да се вклучат повеќе верници. Нашиот евангелиски налог се потпира врз верниците кои во текот на седмицата на работното место се подготвени со љубов да го проповедаат Христа. Затоа е крајно потребно во Црквата да донесеме луѓе кои ќе бидат вистински ученици и кои ќе можеме веднаш да ги поучуваме како да се вклучат во евангелизирање според Христовата метода што ја изнела Елена Вајт.

Евангелието не може да се изнесува без контакт со луѓето. Затоа Црквата мора повеќе да го нагласува задоволувањето на потребите на луѓето околу нас. Како евангелисти, се обидувавме ова да го оствариме, но изгледа дека така само создадовме повеќе „здрави грешки“. Многу пати ја задобивме довербата на луѓето, но во рамките на таа доверлива врска, пропуштивме да им го објавиме Евангелието на вистински начин. Се плашиме (погрешно), дека ќе нанесеме штета на таа врска, ако почнеме да зборуваме за Христа. Затоа не жнеевме од нашата евангелиска работа. Една од големите потреби е како да ги поучиме нашите верници да го објават Христа во рамките на пријателските односи.

Премногу често луѓето пристапуваат кон Црквата, возбуде-

ни од големите нови вистини кои ги дознале и веднаш се „откачуваат“ од пријателите и роднините. Поради тоа, многу од нив се „исклучени“, па за обнова на добрите односи се потребни години. Затоа, од најголема важност е новите луѓе веднаш да ги запознаеме со делотворните методи на проповедањето на Евангелието меѓу пријателите и роднините. Ова мора да го работиме многу пати, па сè до крајот на евангелизацијата, а сигурно веќе во првиот месец кога личноста се приклучила на Црквата. Луѓето што се придружиле на Црквата, треба да знаат како да им го објавуваат Христа на своите пријатели.

*Сабота, 17 декември 2021*

## Служба усмерена на потребите

**„Тој пак им рече: ’Дајте им вие да јадат!’ А тие рекоа: ’Немаме повеќе од пет леба и две риби; освен ние да отидеме и да купиме храна за сиот овој народ!’“ (Лука 9,13)**

Понекогаш ја раздвојуваме евангелската работа на задоволувањето на потребите од објавувањето на Евангелието. Наместо тоа, треба да го користиме едното, за да го храниме другото. Кога ги задоволуваме потребите на луѓето, можеме да им го објавиме Евангелието и да ги охрабриме да станат ученици. Мораме да имаме на ум дека оние кои сè уште не го познаваат Исуса, не можат да станат ученици. Затоа оние, на кои сме ги задоволиле потребите, мораме да ги запознаеме со Исуса, а не со елементите врзани за учењето.

Меѓутоа, невозможно е, да ги охрабриме луѓето да станат ученици ако не ја искористиме нивната доверба која сме ја стекнале благодарение на задоволувањето на нивните потреби. Задоволување на потребите а занемарување на приликите да им зборуваме за Исус, би била кобна грешка во нашата методоло-

гија на задоволување на потребите. Ако не ги запознаеме со Христа на тој начин што ќе ги задоволиме нивните потреби, ние едноставно сме поминале на социјално евангелие. Основните социјални проблеми не можат да се решат со имитирање организација за укажување помош, туку запознавање на луѓето со вистинскиот одговор на сите проблеми - со Исуса Христа. Џорџ Хантер кажува:

„Веројатно многу повеќе луѓе се ослободени од лошата положба и од мачењето благодарение на учењето, отколку со спроведување на социјалните реформи“.

„Со други зборови, Црквата е повикана да биде продолжеток на отелотворувањето на својот Господ, милостиво да реагира на потребите на оние кои патат“.

Општеството не се менува со едноставна изработка на добро законодавство. Тоа се менува кога луѓето стануваат вистински Исусови ученици. Кога го следат Исуса, неминовно доаѓа до промена во секој поглед. Црквата не треба да се меша во обидите на решавање на социјалните проблеми со помош на социологијата, здравството и други средства, туку треба да ги искористи за луѓето да ги запознае со конечното решение за нивните проблеми - со Исуса Христа.

Адвентистите мора да внимаваат нивната евангелска работа да не се сведе само на задоволување на човечките потреби. Мора да дојде време кога луѓето ќе ги повикаме да започнат процес во кој ќе станат ученици, инаку не може да се каже дека сме целосно верни на Големиот налог:

„Тоа мораме да го имаме на ум кога ’задачата на Црквата’ некогаш се сведува само на дијалог, на помагање со хуманитарни проекти, или на борба за социјална Правда. Не се сомневаме во исправноста на ниеден од овие вредни програми. Навистина ги сметаме потребни за право и вистинско дејствување на Евангелието. Но, тие не се замена за проповедта на спасението, ниту пак за воведување во заедништво на оние кои го доживеале спасението“.

Елена Вајт кажува дека оној кој сака луѓето да ги направи ученици со задоволување на нивните потреби, мора на нив да потроши повеќе од своето лично време отколку што го троши на проповеди. За него е многу поважно да изгради цврста врска со луѓето, отколку без таа поврзаност да им проповеда или да ги поучува за библиските вистини.

Елена Вајт не го исклучува интелектуалното објавување на вистината, но изнесувањето на Евангелието може да биде успешно само кога постои поврзаност со личноста која пробуваме да ја направиме ученик. Затоа таа кажува дека работата нема да биде без плод, ако биде "проследена со силата на уверувањето, со силата на молитвата и силата на Божјата љубов". Ова укажува на личниот пристап во кој луѓето ги сакаме и прифаќаме, но им ги изнесуваме и вистините кои треба да ги осведочат да станат Исусови ученици.

Нејзината изјава, исто така, покажува дека топлата молитва за необратените е дел од адвентистичката методологија на евангелската работа. Без молитва, со човечки напори, ништо не може да се постигне. А толку е лесно да се потпреме на големите човечки методи кои сме ги смислиме само за да го проповедаме Евангелието и притоа да го занемариме најбитното - силата на Светиот Дух да осведочи и обрати, а која станува достапна само преку молитвите на Божјиот народ.

*Сабота, 24 декември 2021*

### Изнесување на библиски вистини и ученштво

**„Проповедај го словото, настојувај во време и во невреме, изобличувај, прекорувај, охрабрувај со сета трпеливост и со поука.“ (2. Тимотеј 4,2)**

Изнесувањето на веста за спасението и учењето секогаш мора да останат дел од адвентистичката методологија на еван-

гелската работа. Оваа вест, која сме повикани да ја објавиме со цел луѓето да ги направиме Исусови ученици, мора да ги содржи следниве елементи:

1. Спасение само со милост

2. Прифаќање на Исуса за Спасител и Господ

3. Сигурноста на спасението и конечна победа благодарение на Христовото дело на судот во небесното Светилиште.

4. Веста за потполна обнова - физичка, умствена и духовна - која се остварува со повикување да го очистиме умот, веста за здрав начин на живот и вистината за развивање на блиска заедница со Исуса, преку празнување на саботата.

5. Сфаќање на пророчката вистина онака како што е прикажана во апокалиптичките пророштва на Данил и Откровението, кое создава потреба за итно создавање на ученици, кои се подготвуваат за Христовото доаѓање.

Ако овие пет наведени точки ги споредиме со Исусовото сфаќање на поимот ученик и како е разработен во веста на тројцата ангели, станува јасно дека адвентистичката вест е добро смислена за да произведе ученици какви што Исус замислил.

Меѓутоа, славните вистини не треба да се изнесуваат само како “вистини”, туку на човекот треба да му се помогне да стане вистински Исусов ученик. Изнесувањето на „вистината“ без учење, многу пати завршува како легализан. Бог нека не сочува од тоа!

Имајќи ги во предвид овие пет главни елементи, ги повикуваме луѓето да се крстат и да станат верници на Христијанската адвентистичка црква. Со прифаќање на овие точки, луѓето јасно покажуваат дека сакаат да станат ученици - Исуса да го признаат за Господар на својот живот и сакаат да се откажат од сè, само за да Го следат.

Од луѓето бараме да ја спразнуваме сабота, затоа што со тоа покажуваат дека се спремни да дозволат Исус да господари со нивното време. Бараме од нив да ги победат основните човечки зависности како што се дрога, алкохол и цигари, со што ќе по-

кажат дека се подготвени да дозволат Исус да господари со нивното тело. Да бараме да внимаваат што читаат, што гледаат на телевизија и на друго место, со што покажуваат дека сакаат да дозволат Христос да господари со нивниот ум. Да ги повикуваме да им служат на другите, бидејќи со тоа покажуваат дека се спремни да дозволат Христос да господари со нивната служба. Сите наши доктрини мораме да ги поврземе со фактот дека Исус е Господар на нашиот живот. Без таа поврзаност, тие немаат смисла.

За луѓето да ги увериме дека Христос треба да господари со секој дел од нивниот живот, не е доволно само накратко да им го прикажеме евангелието, туку е потребно да ги запознаеме и со основната библиска наука. Нашите традиционални ни предавања и проповеди на евангелизациите добро ја извршуваат оваа функција, за луѓето што доаѓаат на нив, кои веќе оствариле основна заедница со Исуса, се поучуваат да бидат ученици. Нашите јавни евангелизации повеќе служат луѓето да ги направат ученици, отколку само да ги доведат до Христа. На овие состаноци не занемаруваме да ги повикаме луѓето кај Христа, но настојуваме повеќето да ги поучиме да бидат ученици. Ваквиот пристап, кој опфаќа иницијален повик да дојдат кај Христа и поука за основите на учењето, е во склад со библиското сфаќање на тоа што значи да се биде ученик.

ГРАДИВО 4/2021
**Мисионски стихови**
**-** Евангелски активности
на верниците

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**